This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**МАРТ, 2024**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

### Предмети од областа на организиран криминал и корупција

#### „ИМПЕРИЈА“ КОК – 33/23

На 06.03.2024 година, рочиштето се одложи.

На 27.03.2024 година, рочиштето се одложи, а воедно претседателот на судечкиот совет побара изземање од постапување во предметот.

#### „ФЕНИКС” КОК – 12/24

На ден 06.03.2024 година, рочиштето се одложи поради тоа што одбраната немаше увид во доказите, и воедно не беа назначени претставници на обвинетите правни лица.

#### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК – 124/21

На 13.03.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на бранител, а јавниот обвинител вон главна расправа изврши прецизирање на обвинителниот акт, со откажување од обвинение за дел од обвинетите поради измените на КЗ.

#### „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ“ КОК – 157/21

На 15.03.2024 година, на рочиштето судот односно одделението за организиран криминал и корупција констатираше дека не се надлежни за предметот, согласно преквалификацијата на кривичното дело според измените на КЗ.

#### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ” КОК-179/22

На 20.03.2024 година, на рочиштето се испитуваа тројца сведоци, кои беа предложени од одбраната на обвинетите.

#### „ТАРИФА“ КОК – 24/21

На 14.03.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази, кои беа предложени од страна на одбраната на обвинетите.

На 22.03.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази, кои беа предложени од страна на одбраната на обвинетите.

На 25.03.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од одбраната и обвинетите.

#### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА” КОК-11/23

На 25.03.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази, кои беа предложени од јавното обвинителство.

### „ТАЛИР" КОК - 3/19

На 28.03.2024 година, рочиштето се одложи за да се утврди надлежноста на јавното обвинителство кое треба да постапува во предметот.

## Останати судски предмети

### „ОНКОЛОГИЈА – МЕДИЦИНСКА СЕСТРА" К-1990/23

На 04.03.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на обвинетата.

### „БЕСА ТРАНС" К-1877/22

На 07.03.2024 година, на рочиштето беше јавно објавена пресудата. Судот донесе осудителна пресуда и на обвинетото лице, му изрече казна затвор во траење од 1 година и 8 месеци, додека пак правното лице се казни со парична казна од 800.000 денари. Судот дополнително изрече забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон во траење од 4 години.

### „ТОТАЛ" К-1493/17

На 20.03.2024 година, рочиштето за главната расправа започна одново, поради промена на судии поротници.

### „ПЕНДИКОВ" К-54/23

На 21.03.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

### „ЖАН МИТРЕВ" К-349/23

На 13.03.2024 година, на рочиштето се испитаа двајца сведоци, кои беа предложени од странките во постапката.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 20.03.2024 година, Судскиот совет ја продолжи 481-та седница од 13.03.2024 година, на која повторно дискутираше за донесените заклучоци кои се однесуваат на неспроведување на дисциплински постапки и избор на судии додека е во тек изборниот процес. Освен тоа, Судскиот совет го разгледуваше и прашањето за начинот на неговото постапување во врска со објавен оглас за избор на членови на Судски совет за време на изборниот процес.

На 27.03.2024 година, Судскиот совет ја одржа 482-ра седница на која меѓудругите точки од дневниот ред, Советот донесе одлука за утврдување на бројот на слободни судиски места на десеттата генерација на слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители и определен е бројот на 162 кандидати за судии.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 13.03.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 98-та седница на која беа номинирани членови и нивни заменици за дисциплинските комисии при Комората на извршители и Нотарската комора на РСМ.

На 19.03.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 99-та седница на која меѓу другите тековни работи, донесе и одлука за поднесување на иницијатива до Уставниот суд на РСМ со цел оценување на уставноста на Законот за изменување на платите на членовите на Советот и Законот за изменување на платите на јавните обвинители.

На 28.03.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 100-тата седница на која меѓу другите точки од дневниот ред, го разгледа и усвои Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година.